Бр:03-21/1

Скопје: 22.01.2020

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10,136/11,41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 22.01.2020 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Комисијата за заштита на конкуренцијата ја разгледа доставената верзија од Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриски зелени зони (119/13, 160/14, 173/15 и 192/15), при што укажува на следното:

Во претходниот период Комисијата за заштита на конкуренцијата неколку пати ги има разгледано и анализирано предлог верзиите за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони при што има донесено Мислење бр. 03-7/1 од 11.01.2016 година, Мислење бр. 03-78/2 од 16.03.2018 година како и изграден став преку електронска комуникација со претставник од Министерството за економија (17.03.2016 година) во врска со предлозите за изменување и дополнување на овој Закон во смисла на нивната усогласеност со законодавството за државна помош, но и укажувањето на законската обврската на давателот на државната помош за доставување известување за Законот за индустриски зелени-зони со цел истиот да се оцени од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Во врска со сегашниот доставен Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски зелени зони (119/13, 160/14, 173/15 и 192/15), доставен од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија бр. 45-10010/1 од 13.12.2019 година (наш бр. 03-268/1 од 20.12.2019 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата е на ставот дека генерално истиот е во согласност со законодавството за државна помош од аспект на дефинициите и одредувањето на посебни видови на државна помош како и одредуваниот процент на доделената помош на одреден инвеститор во зависнот од видот на државната помош. Сепак, разгледувајќи ја доставената верзија од Предлог - Законот ги издвоивме следните забелешки и сугестии:

Во член 3 точка 10 (хоризонтална помош) од Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони, изразот „различен капитал" треба да се замени со изразот **„ризичен капитал"**.

Во текстот на доставениот Предлог-Закон предлагаме да постои посебен член во кој ќе биде опфатен делот **„голем инвестициски проект"** согласно член 9 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 109/13). За овој поим во смисла на тоа што се подразбира под голем инвестициски проект може да се вметне дефиниција во член 3 од доставениот Предлог-Закон, при што би се искористил членот 3 точка (6) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува и на фактот дека во Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриски зелени зони не е предвидена временската обврската на одржување на инвестицијата на корисникот на зоната на кој му е доделено регионална државна помош. Заради горенаведеното, предлагаме во член 38 – б од доставениот Предлог-Закон да се воведе нов став во кој ќе се додели обврска за одржување на инвестицијата за период од најмалку 5 години по целосна реализиција на истата на корисникот на зоната на кој му е доделена регионална државна помош, при што ова надополнување да биде предвидено/одредено и да биде во согласност со член 6 став (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

Во случај да се доделуваат финансискси средства согласно член 38-в (други погодности) во корелација со член 38-б од доставениот Предлог-Закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека максималниот интензитет на регионалната инвестициска помош не треба да го помине прагот од 50% од оправданите трошоци. Исто така максималниот интензитет на помошта треба да е ист и во случај да се имплементира членот 38-е и 38-ж од доставениот Предлог-Закон во делот на регионалната помош. Во врска со другите видови на помош предвидени во член 38-ж, а кои се во корелација со членовите 38-г и 38-д, максималниот износ на таквата помош треба да биде во согласност со законодавството за државна помош за таков вид на државна помош односно во конкретниот случај со Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14).

Комисијата за заштита на конкуренцијата уште еднаш го повторува нејзиниот став кој беше искажан и во претходното Мислење бр.03-7/1 од 11.01.2016 година за обврската на давателот на државната помош за доставување на консолидиран текст од Законот за индустриски-зелени зони (со сите измени направени досега, вклучувајќи ги и овие кои сега се планираат да се направат), со цел да донесе решение за оценување, одобрување и дозволеност на таквата помош која е дел од горенаведениот закон. Таквото известување треба да се достави во Прилог I од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република

Македонија„ бр. 142/11). Исто така, давателот на државната помош треба да го достави и Образецот I – Дополнителни информации за формата за известување за регионална помош од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

Во текот додека трае овој процес, во случај на евентуални нови околности кои би се појавиле во врска со изменувањето и дополнувањето на Законот за индустриски-зелени зони, Комисијата за заштита на конкуренцијата го задржува своето право да дава свое мислење и коментари, а кои се во насока на својата законска надлежност.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**